**Општина Пробиштип**
*ул. Јаким Стојковски 1*
*тел: **032 48 31 31; факс: 032 48 30 47***
**www.probistip.gov.mk**

Врз основа на Одлуката за критериумите и начинот на остварување на правото на еднократна парична помош за корисници на надоместок од Центарот за социјални работи, жители на општина Пробиштип со број 26-134/15 од 29.01 2026 година а согласно Програмата за социјална детска и здравствена заштита за 2026 година со број 26-1101/22 од 09.12 2025 година и Програма за изменување на Програмата за социјална , детска и здравствена заштита за 2026 година со број 26-134/13 од 29.01 2026 година, Градоначалникот на општина Пробиштип објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

За еднократна парична помош за корисници на надоместок од Центар за социјална работа Пробиштип, жители на Општина Пробиштип

1. Општина Пробиштип распишува јавен повик за еднократна парична помош за следните категории на лица, жители на општина Пробиштип

-Дете со попреченост до 26 години живот корисник на посебен додаток како паричен надоместок од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип

-Лице со попреченост корисници на надоместок заради попреченост на лице со навршени 26 години возраст од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип

-Корисник на гарантирана минимална помош од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип

-Корисник на социјална сигурност на старите лица од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип.

2. Висината на еднократна парична помош е утврдена во Програмата за социјална детска и здравствена заштита за 2026 година и изнесува 10.000,00 денари

3. Рок и начин на пријавување

Еднократната парична помош се остварува еднократно по поднесено барање со следната потребна документација во прилог:

- Барање за еднократна парична помош - изјава за давање согласност
-фотокопија од важечка лична карта на корисник/родител/старател/згрижувач
- фотокопија од трансакциска сметка
- Потврда од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип дека е корисник на посебен додаток како паричен надоместок, корисник на надоместок заради попреченост на лице со навршени 26 години возраст, корисник на гарантирана минимална помош и корисник на социјална сигурност на старите лица од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип.

Барањата се доставуваат во едношалтерската канцеларија на општина Пробиштип.

Јавниот оглас за реализација на мерката еднократна парична помош за корисници на надоместок од Центарот за социјални работи ќе трае до исцрпување на средствата предвидени во Програмата за социјална детска и здравствена заштита за 2026 година.

4. Начин на одобрување

За остварување на мерката еднократна парична помош за корисници на надоместок за попреченост на лице со навршени 26 годишна возраст , еднократна парична помош за дете со попреченост до 26 години живот корисник на посебен додаток како паричен надоместок, корисниците на социјална сигурност на старите лица и корисниците на гарантирана минимална помош од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип, Градоначалникот на општина Пробиштип ќе формира комисија составена од претставници од општина Пробиштип.

Општинската комисија најмалку еднаш месечно ќе ги разгледува поднесените барања и ќе изготви Записник со предлог за одобрување или одбивање на барањето.

Врз основа на записникот се изготвува Решение за исплата на финансиски средства за одобрените барања или Решение за одбивање на барањето.

Решенијата за исплата ги потпишува Градоначалникот и се доставуват до Одделението за финансиски прашања за исплата. Пред одобрување на еднократната финансиска помош Општинската комисија ќе побара информација, список на корисници од ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип.